АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Јануари 2023** **Бр.1**

## Промовиран проектот „ЕУ за слобода на изразување: Усогласување на националното законодавство за медиуми со законодавството на ЕУ и стандардите за медиуми“



Во организација на Делегацијата на Европската Унија и Министерството за информатичко општество и администрација на 25 јануари се одржа промоција на проектот „ЕУ за слободата на изразување: Усогласување на националното медиумско законодавство со правото на ЕУ и европските медиумски стандарди“, чија цел е усогласување на националната медиумска легислатива со ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги и европските медиумски стандарди.

Воведни обраќања на настанот имаа евроамбасадорот Дејвид Гир, министерот за информатичко општество и администрација, Адмирим Алити, министерката за култура Бисера Костадиновска – Стојчевска и директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми д-р Зоран Трајчевски. Како што истакна директорот Трајчевски, брзиот развој на технологијата и појавата на новите медиуми драстично го сменија начинот на кој се примаат информациите и останатите содржини, а разликите меѓу традиционалните и новите медиуми се бројни и за нив не може да се применува иста регулаторна рамка. Оттаму, согласно новата европска регулатива која ги третира овие прашања неопходно е да се направат измени и на македонските закони од областа на медиумите. По донесување на усогласените закони, АВМУ согласно потребите ќе ги измени постоечките и ќе донесе нови подзаконски акти.

Во дебатата посветена на актуелниот медиумски пејзаж во земјава и барањата кои ги наметнува европската регулатива, говореше м-р Емилија Јаневска, раководителка на Секторот за програмски работи. Таа ги посочи предизвиците коишто и претстојат на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по усогласување на домашните закони за медиуми со ревидираната Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, Актот за дигитални услуги и Актот за дигитални пазари.

## Трошоци на директорот на Агенцијата за втората половина на 2022 година

Согласно заложбите за транспарентност и отчетност, како и веќе воспоставената пракса за објавување на трошоците на директорот д-р Зоран Трајчевски, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 5 јануари ја извести јавноста дека во втората половина на 2022 година, заклучно со 31 декември, при вршење на својата функција има направено трошоци во вкупен износ од 309.245,00 денари и тоа по следните ставки:

- Трошоци за репрезентација (угостителски услуги со претставници на амбасади и деловни партнери) – 53.990,00 денари;
- Службен мобилен телефон – 15.883,00 денари;
- Трошоци при патувања во странство – 239.372,00 денари (126.838,00 денари за авионски билети и 112.543,00 денари за хотелско сместување и патни трошоци).

## СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ

Во месец јануари, Агенцијата во неколку наврати реагираше за вербални навреди и омаловажувања упатени кон новинари.

На 17 јануари, остро беше осудено етикетирањето на уредувачката политика на одредени медиуми од страна на премиерот Димитар Ковачевски и беше потенцирано дека носителите на јавни функции треба да се воздржат од искажување лични, субјективни ставови со кои се поткопува слободата на медиумите. Наместо да употребуваат наративи со кои се дискредитираат и се врши притисок врз медиумите, тие треба да бидат пример за одговорно и професионално однесување. Истовремено, Агенцијата потсети дека улогата на медиумите е да информираат и да отвораат прашања кои се предмет на јавен интерес, поради што сите релевантни чинители во државата треба да вложат максимални напори за обезбедување поволен амбиент за јакнење на слободата на медиумите и на уредничката независност и самостојност.

На 16 јануари, најостро беа осудени заканите упатени кон вработените во телевизија Канал 5 од страна на физичко лице на социјалната мрежа „Фејсбук“. Во соопштението беше посочено дека нападите и заканите кон новинари се неприфатливи и сите надлежни органи мора да ги преземат потребните мерки за да се создаде опкружување во кое ќе постојат професионални, слободни и независни медиуми. За да се овозможи демократски развој на државата, од суштинско значење е новинарите да бидат безбедни во секој момент и да им биде овозможено непречено да ја извршуваат својата работа, односно да можат навремено да ги информираат граѓаните за различни општествени случувања, без закани и заплашувања.



На 16 јануари, најостро беше осудена и изјавата на претседателот на ДУИ Али Ахмети со која телевизиите Телма и Алфа ги етикетираше како непријатели на Албанците. Агенцијата потенцираше дека јавните личности, а особено претседателите на политичките партии треба да бидат свесни дека слободата на изразување подразбира и одговорност. Наместо да се служат со непримерна комуникација, тие треба да служат за пример и да покажат највисоко ниво на почитување на еден од клучните столбови на демократијата – медиумите.

Во врска со спречувањето на новинарските екипи на „Радио Лидер“ и на „Курир“ да ја проследат посетата на владини претставници на фабриката „Пекабеско”, Агенцијата на 11 јануари преку соопштение за јавност апелираше дека попречувањето на работата на новинарите претставува загрозување на слободата и правото на информирање. Медиумските работници во ниту еден момент не смеат да бидат попречени во вршењето на своите работни задачи и треба да им се овозможи слободен пристап до сите настани, имајќи ја предвид нивната улога во отворањето прашања од јавен интерес и обезбедувањето транспарентност и одговорност на јавните органи.

Во врска со одлуката на Министерството за надворешни работи да потроши 100.000 евра за кампањи со цел промовирање на претседавањето со ОБСЕ, Агенцијата на 5 јануари меѓу другото потенцираше дека користењето буџетски средства за рекламирање во медиумите е во спротивност со член 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. За вакви и слични настани кои се од голема важност за државата, граѓаните не само што имаат право туку и треба да бидат информирани, но на други начини, а не преку трошење на буџетски средства.

## Надзори врз радиодифузери и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

### Радиодифузери

Редовни програмски и административни надзори за повеќе законски обврски - надзор за почитувањето на правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетната публика, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа и обезбедување квизови или други облици на наградно учество, дневно емитување најмалку 12 часа програма на ТВ и дневно емитување најмалку 40% изворно создадена програма, објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и објава на идентификација на радиодифузер, се извршени врз ТВ програмите на Јавниот сервис – МРТ 1, МРТ 2, МРТ 3, МРТ 4 и МРТ 5. При надзорите беше констатирано дека спротивно на член 55 став 5 од ЗААВМУ, во дел од програмата на МРТ 2 емитувана на 4 јануари беа пласирани производи без да биде јасно означено дека програмата содржи пласирање производи.

Откако истече рокот за законско усогласување со изречените мерки јавна опомена, контролен програмски и административен надзор за различни законски одредби е извршен врз ТВ Дибра, ТВ Плус, ТВ Протел, ТВ Шутел, ТВ Ирис и ТВ Канал Феста. При надзорот е констатирано дека ТВ Дибра и понатаму не емитува најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум во период од 7:00 до 19:00 часот, додека ТВ Канал Феста не ги обезбеди информациите коишто треба да се направат достапни на корисниците.

### Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

За обврската на операторите на ЈЕКМ, во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат, извршен е редовен програмски надзор врз операторите Инел Интернационал, Телекабел, Пет Нет и Глобал Сат. При надзорот не се констатирани прекршувања. Врз операторот Каблекалл од Кичево, извршен е контролен програмски надзор кој покажа дека во целост постапил по претходно изречената мерка, упатена заради непочитување на обврската за реемитување програмски сервис без регулирани авторски и сродни права.

### Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 1-та седница одржана на 9 јануари, донесе седум решенија за изрекување мерка јавна опомена за ТВ Спектра, Радио Студент ФМ 92,9, ТВ Ускана Медиа, Радио Марија и Радио УГД ФМ. На ТВ Спектра се изречени две мерки јавна опомена за емитување на програмски сервис во несоодветен термин и со погрешна предупредувачка сигнализација и не емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. На Радио Студент ФМ 92 две мерки јавна опомена и се изречени за не објавување на сопствениот знак за идентификација и не обезбедување информации со кои се идентификуваат авторите и уредниците на емитуваните радио вести како и потеклото и датумот на нивната продукција. На ТВ Ускана Медиа мерка јавна опомена е изречена за не емитување на најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, додека на Радио Марија-Благовест и Радио УГД ФМ мерка јавна опомена им е изречена за не обезбедување на информации што треба да се направат достапни на корисниците.